**Известување за концентрација со која ЕУРОМЕДИА ГРОУП а.с. Чешка, стекнува самостојна контрола над ПЕМИЦ БООКС а.с. Чешка**

**(предмет бр. 08-114/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 07.08.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која ЕУРОМЕДИА ГРОУП, а.с. (EUROMEDIA GROUP, a.s.), со регистрирано седиште на адреса Надражни 762/32, Смичов, 150 00 Прага 5, Чешка, стекнува самостојна контрола над ПЕМИЦ БООКС а.с. (PEMIC BOOKS a.s.), со регистрирано седиште на адреса Сметаново намести 222/8, Моравска Острава, 702 00 Острава, Чешка.

Стекнувач во планираната концентрација е ЕУРОМЕДИА ГРОУП, а.с. (EUROMEDIA GROUP, a.s.), со регистрирано седиште на адреса Надражни 762/32, Смичов, 150 00 Прага 5, Чешка. Стекнувачот е една од најголемите компании која работи на пазарот на книги на Чешката Република.

Стекнувачот е друштво кое припаѓа на JX Групацијата, базирана во Чешка. Основен дел од JX Групацијата е Рокавеј Групацијата. Деловните активности на Рокавеј Групацијата примарно опфаќаат електронска трговија, онлајн туристички агенции, финансиски технологии, објавување на книги и други медиуми, ризичен капитал и инвестиции во развој на недвижности.

JX Групацијата во Северна Македонија е присутна преку Џирафа Групацијата (Gjirafa Group), над која остварува заедничка контрола. Џирафа Групацијата работи со алатка за пребарување на албански јазик, платформа за видеа/вести, онлајн маркетнг платформа и платформа за електронска трговија фокусирана на Албанија, Косово и Северна Македонија.

Во Северна Македонија, Групацијата на Подносителот е присутна преку следните друштва:

- Друштво за електронска трговија и услуги ЏИРАФА ДООЕЛ Скопје.

Целно друштво во планираната концентрација е ПЕМИЦ БООКС а.с. (PEMIC BOOKS a.s.), со регистрирано седиште на адреса Сметаново намести 222/8, Моравска Острава, 702 00 Острава, Чешка. Целното друштво е еден од водечките дистрибутери на книги во Чешка. Во врска со книгите и поврзаните производи, Целното друштво е активно во следните области (i) издавачка куќа за книги; (ii) големопродажба на книги (вклучително е-книги и аудиокниги); (iii) големопродажба на производи кои се дел од асортиманотот на книжарниците кој не опфаќа книги; (iv) малопродажба на книги (во конвенционални продавници и онлајн); (v) логистика за транспорт и складирање. Во помал обем, Целното друштво исто така е активно на пазарот на книги во Словачка.

Целното друштво нема зависни друштва во Северна Македонија, ниту е активно на пазарот на Северна Македонија на било каков начин.

Релевантен пазар за концентрацијата е пазарот на продажба на книги во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

09.08.2024 година
Скопје